СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесеттата  и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 1996 година

Скопје, февруари 1996 година

**36 (ТРИЕСЕТ И ШЕСТА) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ. ОДРЖАНА НА 1 ФЕВРУАРИ 1996 година.**

ПРАТЕНИЧИ ПРАШАЊА

1.АРСОВСКИ БРАНКО 1, 13, 15
2. АНГЕЛОВ ИВАН 17, 36, 46, 48
3. АЛИУ ЕШТРЕФ 51
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ 43
5. ДАВЧЕВ САНДЕ 42
6. ИБРАИМИ САМИ 22
7. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР 37, 39
8. КАДРИУ ЗЕКИР 29
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ 30
10. КОТЕВСКИ СЛАВКО 40
11. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 31
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 34
13. НИКОЛОВСКИ РИСТО 9
14. НИКОЛОВ ЈОВАН 40
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)
16. ПАУНОВ ТОДОСИЈА 24
17. РИСТЕВСКИ МИТКО 32
18. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 1, 3
19. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 2
20. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 6, 49
21. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА 17, 28, 39
22. СПАСОВСКИ КИРИЛ 27, 28
23. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 51
24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 4
25. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 12
26. ТАЛИМЏИОВСКИ ПЕТАР 45
27. ТАНТАРОВ ВЕЉО 51
28. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА 7, 9, 11
29. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 26
30. ШУНДЕВСКИ ЈОРГО 18, 24
31. ШАПУРИЌ ЗОРАН 19, 21

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 36-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 1996 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа со 36-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања. Господинот Арсовски бара збор процедурално.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние се договоривме на претходната седница,оние што бевме пријавени, ја прекинавме седницата и сега не треба да се пријавуваме додека не завршиме со дискусија ние кои сме веќе пријавени. Откако ќе завршиме, тогаш ќе се пријават новите. Така што да се следи тоа, да не дојдеме во состојба ние што сме пријавени никогаш да не дојдеме на ред да поставиме прашање. Молам, тоа да се следи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Соколовски бара збор процедурално.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани колеги, ние и минатиот пат рековме дека оваа институција пратенички прашања нема никаква логика ниту смисла, да се поставуваат прашања на празни клупи кога министрите не се тука. Јас

I/2/ЛП/лј

ценам дека дел од министрите на Владата се присутни, меѓутоа, не се сите министри и сметам дека ако сакаме како пратеници да постиме доволно внимание на оваа институција пратенички прашања и да се оствари правата функција, тие прашања треба да се поставуваат во присуство на сите министри или барем на 90% од нив.

Затоа, предлагам пратеничките прашања да се одложат за наредната седница со истиот список і редослед на овие кои биле во списокот од минатата седница; или да направиме пауза,како на вас ви одговара.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тогаш предлагам да направиме мала пауза, во меѓувреме да продолжиме со пратеничката група во функција на Интерпарламентарната унија.

Значи, предлагам половина час пауза, а во меѓувреме сите министри да дојдат во салата.

(Пауза од 14,10 до 15,00 часот).

Да продолжиме со работа.

Според редоследот од 36-та седница, има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Две прашања се за министрите кои се отсутни, а за кои г.-динот Ѓунер Исмаил вели дека се секојпат тука.

Првото прашање е за министерот за правда и гласи:

На пошироката јавност, како и на дел од пратениците во Собранието на РМ7 познат им е случајот со иселување на ДЕЛТА-Компјутерс инжењеринг од Скопје од нивните деловни простории со површина од околу 2700 $м^2$ . Од страна на Окружниот стопански суд во Скопје, заведен под број 13884/95, го поставувам прашањето до Министерот за правда - Дали Окружниот стопански суд во Скопје е

надлежен да извршува иселување на недвижност, ако е овластен, од кој пропис тоа овластување му произлегува, а ако не е, врз основа на кое овластување го стори иселувањето и помогна овој деловен простор, општествен имот, да се узурпира.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија пошироко, односно до Агенцијата за приватизација. Прашањето гласи:

Дали Агенцијата за приватизација како правен следбеник на Фондот за развој на Република Македонија го преземе управувањето врз недвижниот имот на ДЕЛТА-Компјутерски инженеринг од Скопје, кој со пресуда е прогласен како имот на претпријатието ИСКРА-ДЕЛТА во стечај од Љубљана, Република Словенија, ако го преземала управувањето над имотот, на кој начин тоа е сторено, а доколку не е преземено управувањето, од кои причини е сторено тоа.

Ќе се задржам на трето прашање. Третото прашање е до Владата на Република Македонија.

Во последно време; многу наши млади стручни луѓе и воопшто млади луѓе се иселуваат барајќи работа во светот. Мислам на трајно иселување, барајќи работни визи за себе и за своето семејство. Имам податок дека од јануари до август минатата година се добиени и се иселени 2000 луѓе по овој основ. До крајот на оваа година се издадени веќе околу 1000 визи со кои може да се иселуваат и тоа во далечните земји.

Прашањето гласи: Какви мерки презема Владата на Република Македонија за да ова иселување се намали или на некој начин сосема да го укинеме ова иселување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот да се даде во писмена форма; Нели.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас барам министрите;кога ќе имаме на наредната седница прашања и одговори на пратениците, министрите да одговорат директно на говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, господинот Станковски повторно ќе го постави прашањето.

Има збор г-динот Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Прашање до Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта и се уште постојниот СИ( за патишта:

Дали во годинашната програма е предвидена изградба на патот за населбата во Вевчани со оглед на тоа што овој пат веќе десетина години е руиниран, а тоа е пат кој се одделува од магистрала Струга - Дебар, пат низ кој се движат околу 25000 жители од овие населби, каде постои здравствен дом^каде се укажува здравствена заштита и оттука огромното значење за реконструкција на овој пат.

Второто прашање е до Јавното претпријатие ПТТ "Македонија": Дали има намера во ридско планинските краишта и неразвиените, особено во многу оддалечените села да се стави поштар за разнесување на писма, поради тоа што овие населби имаат таква локација на градбите што се на многу поголемо растојание.

Третото прашање е до министерот за правда:

Што е тоа јавен интерес? Порано се викаше општ општествен интерес.

Ова прашање го поставувам од аспект што под јавен интерес се сведуваат и многу организации и се викаат јавни организации. Ова прашање го поставувам од аспект што честопати терминот јавен интерес претставува синоним на државна сопственост односно на титулар Дали тоа е така?

Четвртото прашање пак е до Министерството за правда:

Кој ги издава потврдите за називите, имињата на фирмите од аспект на тоа што во членот 153 и 154 од Законот за претпријатијата

често пати се сретнуваме со имиња на фирми кои ги носат имињата на некои историски личности или значајни личности, а често и името на државата. Така, има фирма што се вика Македонија', МК, МАКЕДО, и сл. ..., па ме интересира која е таа институција што издава легитимен документ за називите.

Следното прашање е до министерството за финансии.

Познато е дека сопственоста претставува уставна категорија која е легитимна. Меѓутоа, во процесот на стечај ја имаме следната состојба: Многу доверители чиј што имот претставува сопственост и загарантирана уставна категорија низ постапката на стечај се формираат инстант-фирми или на крајот на краиштата постапката има епилог приватизација. Што станува со сопственоста на овие доверители, дали таа се топи или како сопственост, како уставна категорија е трајна.

Следното прашање е исто така до Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување.

Во периодот кога се добиваше здравствена заштита со заверка со печат на работната организација се создадени должничко доверителни односи меѓу Фондот за здравствено осигурување и работно^правните субјекти кои не плаќаа здравствена заштита од познатите причини,заради блокирани жиро сметки повеќе од четири месеци или заради тоа што работно правните субјекти беа под стечај. Мислам дека тука има финансиски капитал кој што е преселен односно заработен односно не стигнат до фондот за здравствено осигурување заради образложението кое што го дава.

Прашање до Владата на Република Македонија:

Дали има намера Владата на Република Македонија да формира економски правен совет или по аналогија во Словенија државен совет, од аспект на разрешување на социјалните проблеми кои се јавуваат во периодот на транзиција.

I/6.-

Што сакам да кажам?

Демократијата во Република Македонија не се исцрпува само со политичкиот плурализам. Тоа што постои парламент на тие основи покажува дека се спроведува демократијата во Република Македонија. Меѓутоа, трудот и капиталот се надвор од оваа институција, а и од извршната власт односно Владата .Што сакам да кажам? Дали Владата има намера да формира таков економско социјален совет во кој што ќе учествуваат трите партнери односно во кој ќе учествува извршната власт, во кој што ќе учествува трудот, односно носителите на трудот, синдикатот и работодавците, комората. Ова е важно политичко прашање од аспект на тоа што периодот на трансформација на општествениот капитал во Република Македонија создава бројни социјални случаи, невработени и сметам дека на таа релација е потребно да се развие еден дијалог заради избегнување на политичките импликации што можат да ги имаат овие состојби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, одговорот да биде во писмена форма.

Сакам нешто да Ве замолам, независно од редоследот, министерот за здравство г-динот Илија Филипче Патува надвор од земјата и јас би сакал да ги предложам тие што имаат прашања од оваа сфера да добијат предност при поставувањето на прашањето па подоцна да бидат поставени и другите. Еве, има спремност од министерот за одговори усмено, се разбира ако тоа го сакаат пратениците.

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван министре, во врска со предлогот за упатување на оцена на преостанатата работна способност на Инвалидско пензиската комисија, подолго време Здравствениот дом "Гоце Делчев"од Делчево при изготвување на предлогот за упатување на осигуреникот за оцена

на работната способност врши наплата на секој поединечен случај. Висината на средствата во многу кратко време, почнувајќи од 200 денари по предмет прерасна на 1600 денари. Сметам дека напред наведеното е спротивно на член 2 6 од Законот за здравствена заштита и член 34 од Правникот за начинот на остварувањето на правото на здравствено осигурување.

Имам сознание дека висината на средствата кои се наплатува за изготвување на предлогот во различни општини е различна. На пример во Пробиштип е 500 денари, а во Делчево 1500 денари.

Прашањето е: Дали наплата та се врши согласно законот или се работи за локална одлука за дополнување на здравствениот општински буџет.

Второ, работничката " Икс" е вработена во организација која се наоѓа под стечај. Во тоа време користи породилно отсуство и за трошоци при породувањето плаќа 1500 денари. Нејзиниот сопруг е вработен во организација која ги плаќа редовно придонесите за здравствено осигурување.

Прашањето гласи: Кои се правата на вработената работничка стечајката и кое министерство треба да ги надомести трошоците направени за време на породувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали прашањето да биде писмено или усмено одговорено?

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Илија Филипче министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас би сакал најнапред да одговорам на прашањето на колегата Трпеновски во врска со исплатата на придонесите на оние работни организации кои долго време го немаат тоа направено. Вие знаете дека

I/8.-

Владата заедно со синдикатот презеде една извонредна иницијатива сите работни организации кои имаат долг спрема фондот за здравствено осигурување да им се овозможи да се репрограмира тој долг. Ако на пример има долг за четири месеци, ние нудиме едно репрограмирање од година дена. Исто така, ние понудивме на оние работни организации кои можат веднаш да го фатат својот волк за неколку месеци, доколку веднаш го платат да им отпишеме 50% од долговите и трето ние нудиме на сите работни организации да дојдат во Фондот да преговараат. Се јавува проблем кај оние работни организации кои законски не го извршиле својот долг спрема фондот, редовно не исплатувале плати во смисла на она што значи права плата, туку дел од платата исплатувале во вид на бонови, во вид на бензин, натура. На тој начин Фондот е оштетен, ние имаме малку поголем проблем со тие работни организации. Меѓутоа, затоа што не ни се овозможува директен увид во нивното финансиско работење, но и со сите такви организации ние би сакале да преговараме.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:** (Продолжение)

Затоа што се надевам дека по неговото донесување ќе бидат што се однесува до второто и третото прашање, сепак, треба да се консултирам во Фондот и да одговорам точно за износите, кои што се плаќаат во однос на боловањето и на здравствена заштита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Николовски.

Ќе добиете писмен одговор на двете прашања исцрпен, заради тоа што треба дополнителна консултација на податоци.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Моето прашање би било упатено на, да кажам паралелно до Министерството за здравство и до Министерството за финансии. Имено, на кој начин овие министерства размислуваат да ги разрешат неусогласеностите во упатствата за работ ана нивните подрачни органи за на- чинот на плаќање на придонесите за здравство кај организациите кој доцнат со плаќањето на овие придонеси. Бидејќи се случува следното во праксата, оние организации кои доцнат имаат можност со фондот за здравство да се договорат за начинот на плаќање. Меѓутоа, при по- дигањето на платите преку Заводот за платен промет не се овозможува да бидат платени, на пример, придонеси за здравство во поголем износ. Ако, на пример, организацијата подига една плата за изминат период нема можност да плати повеќе придонеси за здравство, за повеќе месеци за да го оствари оној услов рокот од 60 дена на задоцнување да биде запазен. Заводот за платен промет има некое упатство за прифаќање на вакво плаќање, меѓутоа до 1994 година, за задоцнети

плаќања до 1994 година. Меѓутоа, за 1995 година немаат такво упатство и не примаат уплати, што се јавува како проблем.

Второ прашање би било дали Фондот за здравство ќе врши враќање и со каква постапка доколку правните субјекти , кои поради доцнење повеќе од 60 дена не успеале да стекнат право на плави картони, односно здравствена заштита, што значи не ги користеле здравствените услови, а после со подигнување на плата тие дефакто не можат да подигнат ако не ги платат придонесите за здравство. Би платиле за нешто што не користеле за услуга.

Следното мое прашање е на која правна основа, буџетските корисници со некои упатство се изземени, односно дадено упатство со кое фактични не се почитува законот за пресметување на придонесите за здравство и за нив не важи пресметувањето на придонесот за здравство со коефициент на сложеност, односно со примена на коефициент на сложеност, а патем речено со тој коефициент веќе ние на еден индиректен начин не процентуално, но со методот на пресметката ги оптоваривме стопанските субјекти некаде за 40 до 50 % повисоки придонеси за здравство.

Следното мое прашање е дали на осигурениците кои плаќаат повисок износ за здравствени услуги, користејќи го методот на пресметување со коефициент на сложеност на некој начин ќе добијат по-квалитетна здравствана услуга во споредба со оние што плаќаат помалку. Бидејќи со овој степен на коефициент на сложеност одредени вработени лица кај кој се пресметува повисок износ, а во апсолутен износ тие плаќаат повеќе средства за испит на здравствена заштита што ќе ја добијат.

II/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Не треба да заборавиме дека во здравството постојат институт солидарност, односно некој да плати повеќе за оној што не може да плати. Јас не би сакал сега да елаборирам во врска со прашањето на коефициентот и некои заговарања да се промени Законот за здравствена заштита, затоа што ние сега веќе сме во преговори со Светската банка. Преговри да направиме реформа во здравствениот систем, која предвидуваме да трае две до три години и во кој реформи дефинитивно ќе кажеме на кој начин ќе се финансира здравствената служба на ниво на примарна здравствена служба, дали перкапитација, дали на корпа на услуги, како ќе се плаќа болничкото болување, дали рецептот ќе биде бесплатен или ќе се плаќа онаа цена на светска цена на лек, до она што домашниот производител, така што тоа прашаше не би го отворал затоа што има уште многу работи кои што се нејасни и кои дефинитивно би требало да ги решиме, бидејќи со здравството ние не смееме да експеритементираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни со одговорот?

Добивте одговор на едно прашање, другите прашања усмено ќе ги одговорите или писмено.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас би ги молел сите оние пациенти кои што го платиле својот преглед да ги чуваат своите уплатници, така што ќе им бидат сите тие средства вратени преку Фондот за здравствена заштита доколку ги имаат сините картони.

II/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има уште едно прашање, дали на тоа писмено или усмено ќе одговорите.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

На тоа прашање ќе одговорам писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

На минатата седница се пријавив осми по ред за да поставам пратеничко прашање. Мислам дека оваа говорница како пратеничко прашање, како пратеник од двата мандата, прв пат ја користам , иако мислев дека овие пратенички прашања повеќе се за да имаат карактер на развој, а јас доаѓам од една градска средина каде што претежно овие комунални проблеми се за внатрешноста и имаа предност. Но, сметам дека ова прашање кое што е упатено има и локален карактер и е од комунална гледна точка и е сврзано со изборната единица 103 од Кисела Вода и се однесува на решавањето на еден урбан проблем, а тоа е канализацијата и прифаќањето на водите . Бидејќи овој проблем е повеќе пат* поставуван пред надлежните структури во општината и имаше свој поло- кален карактер и одборнички карактер, но и како голем број други граѓани од оваа држава, така и моите избирачи мислам дека трпението на еден лојален граѓанин веќе е на крајот и затоа го упатуваме директно на Министерството за урбанизам и градежништво конкретно да ни се одговори кога ќе биде реализиран програмот за колекторот за собирање на отпадните води од Водно. Тоа е едното прашање, кое што ги поплавува централното градско подрачје, тоа е стариот подвожњак и

стара рампа каде што се мислам главните артерии на градот каде што циркулираат жители околу 150 илјади.

Второто прашаше е сврзано со еден поголем проблем на жителите од Пржино во истата општина за решаваше на улицата Пиринска, која што доби еден поголем замав врз база на нерешениот проблем, кој што предизвикува меѓучовечки односи на релација на решаваше на овој проблем. Затоа, сакав да добијам конкретни одговори и став на Министерството за урбанизам и градежништвово по овие два проекти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате писмен или усмен одговор?

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Јас барам писмени одговори, бидејќи за ова имаме изготвено проекти преку општината и локалната самоуправа и затоа бараме писмено да биде одговорено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Арсовски дали Вашите прашања се во сферата на здравството?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ако ми дозволи потпретседателот да ги кажам и другите, да ги поставам , тие се многу кратки и јасни.

Првото прашање до министерот за здравство, мислам дека овој проблем е доста актуелен, затоа што со Законот за здравство ги регулиравме некои односи во однос на партиципацијата за лекарствата,

II/6.-

меѓутоа, евидентно е дека со отворање на приватните аптеки, државните аптеки се јави една конфузија, заради тоа што најголемиот дел на граѓани не можат да ги добијат оние лекарства во државните аптеки и сега е принудени тие лекарства да ги бараат во приватни аптеки. Тоа настана како еден вид пракса, а можеби и како еден договор, па така приватните аптеки овде на некој начин ги узурпираат правата на граѓаните, а граѓаните според законот повикуваат дека можат тие средства да ги рефундираат од фондот за здравствената заштита. Прашањето би било конкретно, колку средства се исплатени на граѓаните на име рефундирање за она што го купиле во приватните аптеки. Мислам дека овој проблем е многу актуелен во Република Македонија, многу се експлоатира и голем број на граѓани навистина се наоѓаат во една многу лоша положба, заради тоа што треба да плаќаат голем дел на тие материјални средства.

Мислам до министерот за земјоделство, јас своевремено пред една година тоа го поставив и сметав дека е многу актуелно тоа прашање, гледам дека оваа година ептен се актуализира во однос на законот за води. Јас не знам Владата како има разбирање со министерот предлага да се донесе еден ваков закон за води, меѓутоа за мене е прашањето доста актуелно и проблематично и не случајно г-динот Тантаров во неколку наврати го поставуваше тоа прашање, но во друг облик. Јас лично конкретно го поставувам. Дали Владата има намера да донесе закон за води. Проблемот е многу актуелен, заради тоа што имаме голем конфликт и од едната страна и од другата страна. Гледате, во Република Македонија е еден општ хаос. Најголемиот дел на граѓаните не ги уплатуваат обврските што се воспоставени со договор помеѓу давање на услуга и користење на услуга. Гледате дека имаме судска постапка, имаме штрајкови и т.н. Дури и независниот синдикат е

веќе вклучен во  оваа сфера и мислам дека добро е тоа да го спречиме со еден закон да ги регулираме тие односи, а после да се знаат оние три субјекти, кој колку треба да учествува во тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам поставете само прашање, не елаборирајте.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, го поставив прашањето. Се извинувам што малку го елаборирав.

Третото прашање се однесува до министерот за урбанизам. Јас не знам колку е тоа присутно во другите општини, меѓутоа морам да кажам дека во Куманово тоа е во една многу изострена ситуација, пренамената на колективните згради во деловните простории. Верувајте дека оваа пренамена е многу актуелна и многу интензивна. Од ден на ден станува се во една поизразита форма и сега граѓаните се доведени во ситуација дури да имаат меѓусебен конфликт. Затоа  да видиме дали ова е во согласност со законот и дали некој други ресорни министерства на некој начин и тие придонесуваат за отворање за вакви дело: ни простории. Јас ништо немам против граѓаните, го поставив прашање дали е во рамките на законот и кој орган е должен да ги даде дозволи по однос на пренамената на колективните згради во деловниот простор. Еве, мислам дека тоа е јасно, не е толку нејасно.

Четврто прашање иако не е тука министерот, меѓутоа, го упатувам до министерот за труд и социјална политика, тука се присутни другите министерства, договорот меѓу Владата и стечајниот одбор во Куманово се донесе заклучок за вработување на 150 стечајни работници. Даден беше еден распоред дека во јануари треба 50, во февруари 50 и во март

50. Најголемата дилема сега која настана во рамките на нивното вработување, и покрај тоа што таа обврска во јануари не се изврши е конфузијата кој треба да го врши тоа вработување. Дали стечајниот одбор, дали Заводот за вработување, или на предлог на Министерството за труд и социјална политика или некое друго министерство. Ако ме прашате јас би дал одговор кој, меѓутоа во рамките на овој дел мислам дека проблемот е актуелен и добро е Владата да утврди дека тој и тој субјект треба да врши избор на работници за прием во организацијата Чик. така што во Куманово, верувајте, дека тој проблем е многу актуелен и многу сериозен.

На крајот прашање до министерот за образование, мислам дека добро е тоа што е веќе тука, се поставува од една изјава на министерката на МРТ беше кажано дека со програмата ќе се врши редукција, односно на часовите по одредени предмети. Една таква изјава направи, да не кажам, не конфузија, една дилема кај сите просветни работници. Посебно се појави и проблемот во врска со изучувањето во странските јазици. Во изјавата беше кажано дека секое основно училиште, односно средно треба да ги изучува двата јазика. Едниот да биде задолжителниот, другиот факултативно.

Прашањето кај професорите е вакво, кој ќе врши избор на учениците во однос на изучувањето на странскиот јазик. Дали се работи за француски, германски, англиски и т.н.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оние прашања што беа во врска со здравството г-динот Филипче ќе ги одговори писмено.

За збор с е јави г-динот Ангелов.

II/9.-

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Законот за водите од страна на Министерството, за земјоделство, водостопанство и шумарство е изготвен и тој се наоѓа во влади- на процедура. На минатата седница го разгледуваше и само се договорив- ме повторно да се јави на усогласување со соодветните министерства и со законодавство. За Ваша информација утре повторно се наоѓа пред комисиите на Владата и веќе е предвидено во понеделник да биде на седница на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Изјавата што ја дадов на телевизија не треба да создава никаква конфузија , се прави реконципирање на досегашните програми, што меѓу другото значи промена на бројот на фондот на вкупни часови неделно во секое од одделенијата во основното училиште. На пример предметот мајчин јазик по 6 часа неделно го кратиме. Сметаме за прваче 6 часа е многу. Нема да останат без работа наставниците, со тоа што ќе скратиме еден час. напротив, им даваме можност да посветат повеќе внимание на подготовка на она што го предаваат. Тоа е што се однесува на бројот на часовите.

Промената што се прави е втората промена која што ја спомна те, произлегува од новата концепција според која ќе имаме задолжителни и изборни предмети и во основните и во средните училишта. Задолжителен по еден странски јазик и сега бил задолжителен, затоа што почнува од четврто одделенија наместо од петто, какао што беше досега. Од петто одделение натаму децата ќе имаат избор или да се

определат за втор странски јазик или неколку други предмети. Значи, не мораат ако не сакаат втор странски јазик, можат информатика, можат техничко- образование и има една цела листа. Определбата ќе се прави она што е задолжително и што било задолжително до сега се продолжува. Она што е изборно самите деца ќе кажат за што се заинтересирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Пред адаптациите како ги нарекуваме или пренамените на просториите во текот на последните неколку години се многу чест пример на барање на дозвола во министерството за урбанизам. Веднаш да кажам дека во текот на 1995 година во Министерството се покрена една акција за регулирање на оваа материја, која во последно време има огромен замав и на некој начин да се усогласат некои од законските проекти, кои се да кажам, во различна функција или во дискоординација еден со друг. Или во текот на 1995 година со упатство се запознати сите подрачни единици на Министерството за урбанизам преадаптација да може да се извршува само на простор или на оние објекти кои претходно ќе ги исполнат сите услови кои се барани по другите закони. Пред се, во однос на стабилноста на објектот, во однос на противпожарната заштита на објектот, во однос на заштитата при работа, санитарна согласност евентуално обезбедување на просториите и само после тоа да може да се издава прелокација. Се разбира на крајот и Министерството за стопанство да дава и употребна дозвола за вршење на дејност во истиот објект, доколку ги исполни сите овие претходни услови. Или со други зборови во текот на 1995 година од побараните 5 илјади предмети,

некаде 2 илјади предмети имаат преодна оценка дека можат да извршат преадаптација.

Она што претставува најголем проблем е преадаптација на колективните станбени згради, преадаптирањето на просториите во приземните партии, или пренамената на просториите од становање во деловен простор. За нив мора да се обезбедат сите потребни документи пред се оние кои ги наведов и се разбира еден документ, кој посебно го бараме, а тој е согласност на станарите дека дозволуваа таква пренамена во нивната деловна зграда. Доколку тоа не се обезбеди не го даваме како документ.

Она што како став го заседовме во Министерството , тоа е повисоките партии во зоните на становање од први кат нагоре воопшто да не добиваат пренамена на просторот од станбен во деловен, посебно не во деловни простории, кои ја реметат да кажам комодитетот на становањето во колективните станбени згради. Ова е засега, доколку побарувате некој подетален одговор како изгледа тоа упатство и кој се се компоненти, они кои ги бараме во тоа упатство можеме накнадно писмено да Ви одговориме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИК**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, првото прашање мое е до Владата на Република Македонија. Прашањето е зошто во последно време во најголем број на материјалите кои доаѓаат од Владата покрај имињата на замениците на министри, не стојат нивните функции на заменици на министри, туку само име и назнака од кое министерство тие доаѓаат.

II/12.-

Тие се наведени под имињата на потсекретарите и помошниците и другите функционери од министрите. Овие заменици се избрани од Собрание на Република Македонија, не се разрешени, ниту пак се избрани на нивно место други, така што нив единствено може да ги разреши оној што ги поставил, тоа е Собранието на Република Македонија и треба нивната функција да биде назначена покрај нивното име, а впрочем ако некој нешто се сомнева во нивниот легитимитет, треба да побара автентично толкување од ова Собрание преку ЗПК за актот со кој се избрани за одлуката со која се избрани.

Второто мое прашање е до Министерството за урбанизам,имено, што ќе се преземе од Министерството за урбанизам,градежништво и екологија во врска со поведување на постапката, односно укинување на упатството за издавање на употребни дозволи од страна на Уставниот суд на Македонија.

III/1 ДВ/НД

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (Продолжение)

Дали сега граѓаните ќе можат да добиваат полесно дозволи за дејности и поефикасно да ги остваруваат своите права, особено во оние делово во кои се уште не се предвидени и покрај новиот закон што го донесовме, во овие планови, ниту во просторните ниту во деталните планови и во населбите кои од пет до десет илјади односно во Скопје има 15 илјади кои воопшто не се предвидени во планови, а во тек е постапката, како да никаква дејност не може да се обавува во овие населби.

Барам писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за правда.

Дали Министерството за правда има намера да донесе некој акт со кој ќе ги утврди условите под <кои месните заедници може да поднесуваат барања односно иницијативи за евентуален статус на општина. Дали притоа Министерството за правда внимава како се поднесени овие барања од месните заедници, дали до месниот надлежен орган т.е. Собрание на месна заедница, дали се донесени со потребен кворум или пак некој едноставно ставил печат, некој од месната заедница и во име на цела месна заедница односно во име на некој орган го поднел ова барање, бидејќи со ова непотребно се создаваат проблеми и се отежнува работата на инаку оние оправдани барања од месните заедници кои се и легитимни.

Ова прашање го поставувам со цел на време да се интервенира, да не би некој поставил легитимитет на некоја иницијатива кога ќе дојде Законот пред Владата односно пред Собранието, тоа е Законот за нова територијална поделба само тоа што не е издаден некој акт или некое упатство укажува на еден најголем број. Има и квалитетни барања од

месни заедници, но најголем дел се од едно многу нестручно ниво и многу непотполно така да непотребно се обременува.

Во врска со ова прашање едно потпрашање а тоа е од каде Министерството за правда го утврди рокот 31.01. за поднесување нас барање, врз база на кој акт е тоа донесено, дали некој подзаконски акт. Колку што мене ми е познато не.

Четврто прашање е до Министерството за стопанство.

Дали општината "Чаир", со оглед на тоа што прашање за топлификација беше на минатата седница поставено, е предвидена со програма за гасификација, особено населбите Топанско Поле и Скопје - Север.

Петтото прашање е до Министерството за здравство.

До каде е со иницијативата на Собранието на општина Кисела Вода и месната заедница Драчево за поставување на лекар - интернист во Медицинскиот дом во нас. Драчево, бидејќи оваа населба со 15 илјади жители се уште нема лекар специјалист- интернист.

Барам писмен одговор.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Би поставил едно прашање што е од голема важност, а го поставувам до министерот г-дин Шундовски.

Се работи за хендикепираните граѓани на Републиката. Тука посебно се работи за тие кои не можат да се движат без некои помагала.

Дали Министерството со некој закон ги обврзува градежниците при изградба на нови станбени и јавни згради да градат посебни лифтови и

згради за пристап на хендикепираните лица во нив. Ако не тогаш јас како пратеник ќе се ангажирам да ве убедам сите вас да се донесе едне ваков закон.

Досега Републиката не се грижела доволно за оваа група граѓани со оглед на тоа што во Европа и Америка секаде се мисли на нив, а кај нас нема ни едно кино, ниту театар ниту некоја од јавните згради, еве на пример да го землеме Универзитетот, каде не сум видел дека има некое прилагодување за овие лица.

Прашањето е дали со некој закон се бара од градежниците бидејќи како што реков кога гледаме како во Европа се мисли на овие луѓе, ние ништо не сме направиле, а тие се доста вредни луѓе. Има луѓе кои можат со компјутер д направат се и сешто, а не може ни во нашето Собрание да влезат, бидејќи ако има скала од 40 см. висина тој веќе не може да влезе во некоја просторија каде сака да се вработи и н.

Моето мислење е, секоја државата која доволно не се грижи за своите хендикепирани луѓе ни салата како хендикепирана ќе влезе во Европа.

Второто мое прашање е до г-динот Бузлевски, тој не е тука.

Прашањето е дали се планира изградба на пат од само 2 км. и тоа од главниот пат кај преминот Долно Блаце до селото, бидејќи граѓаните од Блаце се принудени да кружат околу 60-тина километри за да стигнат во своето село. Значи прават една одисејада од 60-тина километри. Селото се гледа а нема пристап во него. Верувам дека како неразвиено ридско - планинско село и погранично тоа го заслужува.

Одговор барам ако може усмено, ако не писмено.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на правото прашање за хендикепираните лица, само да ве потсетам дека законот до пред неколку недели го донесовме, законот за просторно и урбанистичко планирање во делот на содржината на деталните урбанистички планови точно содржи посебна одредба за изработка на елаборат за отстранување на, ние ги нарековме бариери, а порано се викаа архитектонски бариери, точно за хендикепираните лица. Во новиот закон за градба или досегашна инвестициона изградба ќе има посебна глава каде ќе се направи обврска, се разбира до одредени граници, за почитување на нормите и правилниците што денеска ги имаме за вакви хендикепирани лица.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потпретседателе, дали и господа, јас имам да поставам неколку прашања до Владата на РМ.

Прво, во 1993 и почетокот на 1994 година во РМ се увезени компири. Тие се увезени, дали со стоков кредит, дали хуманитарна помош или се купени. Тоа се преку 2 илјади тони компири, а сместени во македонските хладњачи. Потоа, компирите се продавани и предадена е една количина, до тој степен додека се расипале. Откако се расипале компирите се понудени за семе. Како такви расипани на кој рокот за траење за семе им поминал, компирите се неупотребливи. Меѓутоа, договорено е да се врати килограм за килограм компир. Потоа, откако цената на компирот станува пониска, побарано е да се врати со пченица или нешто друго.

Прашањето е колкава количина на компир е уверезена, кој го увезол, дали има сертификат за човечка храна како компир, дали има сертификат за употреба на семенски материјал, како се вратени

компирите, зашто има преку 4 илјади тужби поднесено, преку 4 илјади патни налози. Се работи за цела Македонија, а посебно во Кочани, Берово, Делчево и Виница.

Понатаму, работата околу тоа не е расчистена, а за другата Прогрес врши откуп на компири, една количина која количина се уште не е платена.

Прашањето е нас кој начин ќе се реши со овие компири, со задругата и когаќе им се плати на граѓаните овој компир што е вратен а продаден во 19 94 година, од родот 19 94 година.

Второто прашање е> населбите Тракање, Бање, Спанчево и Соколарци, извршена е инсталација на трансформатори пред 30 години кога требало толку енергија а сега потребата е зголемена за 6 до 10 пати поради зголемувањето на населението и поради зголемувањето.

Кога ќе им се доведе квалитетна струја за да не има се расипуваат домашните уреди.

3. Се зборува повеќе пати дека нас граѓаните на мали и поголеми претпријатија, мислам приватни, индивидуални земјоделци дека ќе им се даде кредит за обработување на земјата за земјоделието односно за развој на сточарството, говедарството, овчарство, свињарство итн. Меѓутоа, поминаа веќе 5 години ни динар кредит не е дадено.

Дали има услови да се даде кредит и дали може сточарството да го искористи природното богатство, мислам на пасиштата. Значи, прашањето е дали има кредит и кога би се дало за поттикнување на сточарството знаеме колкаво сточарство сме имале во 1947 година а колку има сега односно и тие податоци би требало да бидат внесени во одговорот.

4. Транспортното стопанство има прилично проблеми и тешкотии, па не се извршува на време превезот на стока поради тоа што не се даваат визи, се чека по 10,15 и 20 дена, а за професионална дејност на возачи на кои единствена работа им е превоз на стока од Македонија и други земји за Европа. Значи, за утовар добивање на визи, минување нас граници, бидејќи стоката се расипува, па купецот не ја прима поради намалување на квалитетот.

Дали има услови Владата тука нешто да направи за оние професионалци возачи на кои единствено занимање и работа им е во транспортните организации, да ги добиваат дозволите побрзо, бидејќи организациите гарантираат за нивното враќање и за нивните трошоци што ќе ги направат таму.

Бидејќи има и други податоци, покоректно е одговорот да го добијам писмено, надлежните министерства односно Владата да ги образложи писмените одговори на некоја од наредните седници.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Јас ќе поставам 3 конкретни прашања. На прашањата сакам да ми се одговори писмено, бидејќи сметам дека е потребна посебна анализа за да се даде одговор на прашањето.

Првото прашање е до Министерството за земјоделие, поконкретно до Ветеринарната управа.

Дали се увезува млеко и млечни производи од држави во кои е објавена болеста лигавка и шап.

Другите две прашања што ќе ги поставам се до Министерството за стопанство.

Првото прашање е која количина на млеко во прав е увезено во текот на 1995 година во РМ и во кои млекари истото е преработено. Дали

е употребена дозволена количина или нешто повеќе е употребено во млекарницата.

Второто односно третото прашање е до Владата. Имено што "презема Владата во иднина да ги заостри критериумите млечните производи кои се увезуваат од другите републики да имаат подобра контрола во однос на квалитетот.

Овие прашања ги поставувам поради тоа што државата од буџетските средства го стимулира производството на млеко од домашно производство преку премии воведување на прелевмани, Тотално е нарушена понудата и побарувачката на млеко и млечни производи во нашата Република.

Тоа не го поставувам само единствено нас мене да ми се одговори, покрај тоа што барам на мене писмено да ми се одговори, го поставувам за да може да се решат одредени проблеми бидејќи се наоѓаме во многу тешка состојба во однос на развој на сточарстовото.

**КИРИЛ СПАСОВСКИ:**

Јас ќе поставам 2 прашања.

Првото прашање е до Министерството за урбанизам. Во рамките наразвојниот план на аеродромот Петровец се наоѓа сојлија со 42 семејства.

Повикувајќи се на овој план на други закони кои сега се во сила во ова село повеќе од 30 години на жителите не им се одобрува изградба на нови објекти, доградба, надградба и санација на старите објекти.

Прашувам дали ќе се дислоцира селото Чојлија, кога ќе се дислоцира, и каде ќе се дислоцира.

Барам писмен одговор бидејќи министерот Шундовски не е тука.

**НИРИ1Л СПАСОВСНИ**: ( Продолжение )

Некогаш овој простор беше место на посетители, љуби- тели на коњичкиот спорт, на убавата природа и рекреација. Тогаш овој простор беше пример за спортско - рекреативна функционалност и уреденост. Сега, Хиподромот е во таква состојба што повеќе не може да служи за функцијата за која е наменет.

Имајќи го предвид јавниот интерес на спортот, а знаејќи дека овој објект е единствен во државата, прашувам дали Министерството за образование и физичка култура знае во каква состојба сега се наоѓа Хиподромот, што планира Министерството во врска со неговото понатамошно одржување, обновување и збогатување со нови содржини за користење за неговата намена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате усмено одговор на второто прашање? (Да). Има збор госпоѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Не може писмено да се одговори во моментот, затоа. Во моментов се изготвува посебен проект што треба да служи не за пренамена на Хиподромот, туку една анализа со која би се согледале сите можности, дури и за меѓуресорно користење на оваа површина. Со тоа претпоставуваме дека ќе се подобри состојбата што навистина е таква каква што ја опишавте. Писмено не можам да ви одговорам. Кога ќе биде готов проектот, можам да ви го доставам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Кадриу.

IV/2.-

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа министри, јас ќе прашував повеќе, но сега ќе се задржам само на две прашања, без разлика што надлежните министри не се присутни тука. Јас однапред барам писмено да ми се од- говори.

На ден 28 ноември 1995 година, кој воедно претставува национален празник на сите албанци, независно од тоа каде живеат, полициски сили на УВР Тетово со помош на противпожарна кола интервенирале во седиштето на Народна демократска партија во Тетово и го симнале националното знаме на албанците што било истакнато, согласно Упатството на МВР број 18-2318 од 16.06.1994 година, потпишано од потсекретарот на Службата за јавна безбедност, господин Диме Гурев.

Упатството е основано врз основа на употреба на знамиња од Службен весник СРМ број 40/73. Вакви интервенции имало и во одредени основни училишта во подрачјето на општина Тетово, со кој чин се повредени националните чувства на албанците во Македонија и воедно го прекршиле Упатството од МВР односно Законот за употреба на знамињата.

Прашувам, дали Законот за употреба на знамиња од Службен весник број 40 од 1973 година е уште во сила? Ако е во сила каде се заснива интервенцијата на полицијата на 28.11.1995 го- дина во седиштето на НДП и во другите места? Ако не е во сила дали надлежното министерство односно Владата изготвува предлог- закон за употреба на знамињата.

Второто прашање, имајќи предвид дека една категорија дипломирани социолози што ги има многу во Тетово, јас ги позна- вам околу 20 во Тетово, а верувам дека ги има и во другите градови во Република Македонија, во текот на конкурсите не им се дава право да се

IV/3.-

стекнат со работно место, туку секогаш тие се третираат, без разлика дека имаат соодветна диплома, се третираат како луѓе кои не се компетентни за одредени работни места. На пример во просветата, каде работеле и порано понатаму.

Го прашувам Министерството за труд и социјална политика дали надлежното министерство предвидува за оваа категорија луѓе да им се даде овакво едно право за вработување и како замислува да го реши овој проблем на социолозите, кои навистина, порано има- ле можност, работеле на многу работни места, а сега не можат тоа.

Јас имав и други прашања, меѓутоа без разлика, а не се присутни министрите, јас толку.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе има и други седници.

Има збор господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, јас сум во голема дилема дали воопшто да го искористам своето право за поставување пратенички прашања, затоа што на некој начин и не сакам да учествувам во еден процес на потполно девалвирање на институцијата пратенички прашања која во најголем број од демократските земји во светот има свое значење и високо место за контрола на власта, како што тоа значи институцијата оставка, интерпелација, доверба итн.

Од тие причини предлагам да ја прекинеме седницава, затоа што навистина нема смисла на двајца министри да поставуваме пратенички прашања. Поради тоа не го користам своето право за поставување пратенички прашања.

IV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи ова е деловничка интервенција. Нема деловничко прашање.

Господин Георгиев не е тука.

Има збор господин Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Јас имам четири прашања од кои трите се сврзани за една проблематика.

Имено, веќе подолго време во Битола стои нерешен проблемот на ЈИК Банка, поранешна ЈИК Банка Деловна единица во Битола и од дел од вработените сум замолен да ги поставам следниве прашања:

Првото прашање е до министерот за финансии. Дали Министерството за финансии, односно Одделението за имотно - правни односи има издадено дозвола за користење на деловните простории на поранешна ЈИК Банка Деловна единица во Битола и ако нема издадено таква дозвола, врз која бравна основа Извозна и кредитна банка од Скопје ги користи наведените деловни простории?

Второто прашање до министерот за труд и социјална политика, врз која основа Заводот за вработување ги прифати отпуштените работници од ЈИК Банка Деловна единица Битола?

Третото прашање до министерот за правда, дали на територијата на Република Македонија важат отказни решенија од СР Југославија издадени на ден 31 мај 1995 година, бидејќи вработени те во оваа Деловна единица во мај 1995 година добија такви решенија? Дали Југословенска извозно кредитна банка Деловна единица Битола, која не е регистрирана во Окружниот стопански суд во Битола како правно лице, ниту пошироко на територијата на Република Македонија има право да објавува оглас за прием на работници?

Овие одговори ги барам во писмена форма а само да напомнам дека до сега вработените од оваа Банка се имаат обратено до овие институции, а одговор немаат добиено.

Уште едно прашање, веројатно би требало да биде адресирано до Владата, во денешна "Нова Македонија" читам од Конференцијата за печат на Уставниот суд на Република Македонија, крупен наслов вели - "Лани, најмногу оспорени закони". Веројатно Уставниот суд 1995 година најпродуктивно ја помина.

Ме интересира кои се причините што Уставниот суд ги оспорува законските решенија донесени од страна на ова Собрание, од страна на одредени одлуки на министерствата и колкава е причината во овој Парламент, односно колкава е причината во Владата на Република Македонија?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, одговор во писмена форма.

Има збор господин Ристевски.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Во концептот на пратенички прашања имав четири да поставам, меѓутоа две се поставени. Така што ќе поставам само две прашања и тоа едното до Министерството за односи со странство и до Министерството за стопанство.

До Министерството за надворешни работи, со потпишување на времената Спогодба помеѓу Република Грција и Република Македонија се отвора едно поле за дереализација на еден проект кој навистина беше од поодамна поставен, мислам од бившите простори на Република

Југославија. Имено, се работи за реализација на проектот, односно довршуваше на истиот за отворање на граничниот премин во местото "Маркова нога" во Преспа.

Од каков аспект се работи, има доста образложение, а во писмена форма истото е доставено и до надлежните министерства на Владата на Република Македонија, а со цел да се изнајдат можности за реализација на истото, бидејќи од наша страна околу 90% овие работи се завршени. Со тоа јас мислам дека со добра вол- ја и со контакт би требало да се реализира ова и од страната на Република Грција.

Овој премин овозможува најблиско решение и пат до главниот град на Република Грција, до Атина од една страна, а излегувајќи на таа трансферала, бившата Виа Игнација и поврзување со центрите, трговските центри на Република Грција Кожани и Костур, а од другата, западната страна со градот Корча во Република Албанија.

Ова го велам во контекст, бидејќи деновиве исто така се воспоставени некои односи, односно аргументи и факти за тоа има, за отворање на овој премин, бидејќи шесте наши општини кои гравитираат со Република Грција се членки на Европската Унија или на Фондацијата "ФАРЕ" ова го овозможуваат.

Второто прашање е до Министерството за стопанство, а се работи за земјоделието како провиктурна гранка, кое и досега беше актуелно. Луѓето во Преспа производители на јаболко се веќе загрижени. До сега е реализирано само околу 30% од производството на јаболко, а како производ кој се наоѓа моментално во нашата земја, а за секој производ треба да се изнаоѓаат правци за реализација на истото.

IV/7.-

Ова го велам од причини што навистина и кога стагнира стопанството и индустријата сепак би требало Владата и соодветните министерства заедно да изнајдат можности и начини како ова би се надминало. Иако знаеме дека досега се преземаат доста од страна на Владата, меѓутоа овие напори се од карактер што досега беа на некој начин оспорувани, бидејќи со двете ембарга, од едната и од другата страна, но со симнувањето на ембаргото и отворањето простор за контакт и дијалог и пласман на нашите производи надвор од Република Македонија, мислам дека ќе се изнајдат можности и начин за реализација на производството на јаболко од реколтата 1995 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор господин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитувани министри.

Јас имам неколку прашања. Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски.

Прашувам, кога ќе се изгради нова или прошири и заштити постојната делница од патот село Ранковци до Крива Паланка во должина од 18 км. од магистралниот пат Куманово –К рива Паланка-граничен премин Деве Баир.

Неколку зборови како образложение. Овој пат е изграден 19 66 година и од тогаш наваму само се одржува. Знаете дека во последниве 4-5 години овој пат беше главната артерија за влез и излез од државата. Овој пат претставува посебна опасност како за возачите, така и за

месното население, посебно во Славишкиот регион, оној што е рамниот дел, густо населен, што значи патот е постојано оптоварен со запреги, со добиток и згора на тоа се и возилата. Спореден пат нема. Нема ниту еден надвозник, ни еден подвозник. Така што сите локални селски категоризирани и некатегоризирани патишта се вкрстуваат со овој пат незаштитено.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи што оди во прилог на првото прашаше и гласи - колкав е бројот на сообраќајните незгоди што се случија во текот на 1995 година на делницата с. Ранковци - Крива Паланка од магистралниот пат Куманово - Крива Паланка - граничен премин Деве Баир.

Како потпрашање следува три, колкава е материјалната штета, колку се повредени и колку се загинати во текот на 19 95 година во сообраќајните незгоди?

Третото прашање го поставувам до Министерството за сообраќај и врски. Зошто Јавното претпријатие "Македонија пат" во текот на 1995 година не ги одржуваше регионалните патишта и тоа М-2 село Голема Црцорија - Крива Паланка - село Обод и село Ранковци - село Герман кои се наоѓаат на територијата на Крива Паланка. Прашањето го поставувам без образложение.

До Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Прашањето гласи кога ќе биде довршена градбата на хидроакумулацијата Отошница на Отишничка река, Кривопаланечко.

Имено, оваа брана е започната со изградба 1991 година и последните година ипол - две на оваа брана нема никакви активности. Браната е изградена некаде со 80%, што значи изграден е насип во висина од 24 м. што е оставен на забот на времето. Изградена е одводна

шахта која што е незаштитена. Овие години беа сушни и оваа брана не претставуваше некоја опасност. Меѓутоа, есенва, зимава зголемени се атмосферските падавини и оваа брана не семо што е оставена на забот на времето да се уништи оној државен к питал што е вложен на таа река и на тој рид, туку претставува потенцијална опасност за населението кое се наоѓа низ водно од оваа брана. Значи, населените места Ранковци, Отошница и Ветунец. Што значи може да дојде до полнење на браната, пукање на незаштитениот ѕид и катастрофата е тука.

Петтото прашање до Министерството за сообраќај и врски. Зошто при изградбата на железничката пруга с.Бељаковци - Крива Паланка - граничен премин Деве Баир на потегот на Славичко поле се затвораат локалните селски патишта и истите се ставаат во ист пропуст со водотеците на постојните долови?

Имено, проектантите што ја проектирале оваа пруга најверојатно теренот го снимале во летен период и овие последни две години беа сушни години, кога водотеците на постојните долови беа суви. Бидејќи теренот така им одговарал, на исто место го направиле пропустот и за долг и за патот. Бидејќи сега во зимскиов период кога овие долови се постојано полни со вода, луѓето постојано пливаат буквално низ вода сакајќи да дојдат до своите домови.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На едно од прашањата ќе одговори Ангелов.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Му благодарам на пратеникот што го постави ова прашање. За мене навистина интересно. После овие информации, ако ние имаме

IV/10.-

некакви информации, ќе видиме, на лице место ќе се испратат наши експерти, ќе извршат контрола на потрошените средства и после тоа ако смета пратеникот или Парламентот ние ќе ве информираме за се што таму се случувало. Инаку, браната ќе биде, таа е во рамките на Програмата што ја има Владата на Република Македонија за изградба на мали акумулации и ние во рамките на оние средства што може да се даде таа била вклучена и скоро секоја година се одделувале одредена сума пари.

Ќе ја направиме контролата, ќе видиме каква е состојбата и после пратеникот ако смета може да дојде во Министерството и да ги добие информациите од инспекциската контрола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Јакимовски.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Јас имам прашање до министерот за образование и веројатно ќе одговори усмено, бидејќи не бара некои конкретности.

Прашањето се однесува за Педагошкиот завод на Македонија. Дали Педагошкиот завод на Македонија со својата внатрешна целокупна констелација, организациона, кадровска, финансова и материјална поставеност е во можност да одговори на барањата што се поставени со законите за основно и средно образование.

Конкретно, каква е кадровската и материјална состојба на Педагошкиот завод за успешно извршување на задачите што произлегуваат од законските прописи?

Во прв ред мислам на бројот на советници по наставни предмети за теленца и предметна настава, бидејќи законите задолжуваат со некои

задачи што треба да ги извршуваат после една- две години. По некои предмети има само еден или двајца советници а голем број на наставници. Од тие аспекти има потреба од нивна почеста присутност во училиштата.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:(**Продолжение)

Јас ќе поставам прашаше дали територијалната и организациона поставеност на Педагошкиот завод и подрачните единици на Педагошкиот завод одговараат на денешните потреби?

Второто прашање е до министерот за сообраќај и врски се состои во следното. Кои се причините за неквалитетниот телевизиски прием во Крива Паланка и околината. Овде мислам во прв ред на првата и втора програма на Телевизија Македонија која не можеме да ја следиме редовно и квалитетно. И што се планира за подобрување на оваа состојба?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Госпоѓата Емилија Симоска, ќе одговори на првото прашање а второто и третото во писмена форма.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Што се однесува до материјалната подлога која што ја има Педагошкиот завод на Македонија таа е таква каква што е во сите органи на управата, не е полоша, не е подобра, не можеме да ја земеме за алиби за добро, или лошо работеше. Мислам ќе остане таква додека не се промени финансискиот статус и на сите други органи, меѓу другото во кој во чиј состав е и овој завод.

Што се однесува до кадровската екипираност можам да ви го кажам мојот впечаток дека има доволно кадри за да можат да ги обават сите оние работни задачи кои ги имаат пред себе. Прашање е на добро планирање на време. Во моментот работиме на реорганизација внатрешна на самиот завод, промени во систематизацијата, некаде има помалку, некаде повеќе советници. ВО право сте,новите барања кои

ги поставуваат законите за основно и средно образование би барале и повеќе луѓе, меѓутоа во моментот ќе треба внатре да ги реорганизираме бидејќи прием на толкав број на нови кадри не е можен. А инаку има доволно потенцијал за да може да се опкрие се што треба и со овие луѓе што ги има.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, прашањето е до министерот за финансии, министерот не е тука, а прашањето се однесува во врска со спроведувањето на Законот што овој Парламент го донесе за плаќање на акцизите за поедини производи и Законот за данок на промет. Иако со Законот субјектите кои што ги произведуваат цигарите и ги ставаат во промет требаше да стават на истите ознака за платена акци1зија. Ден денес тие се продаваат по евтина цена по приватните киосци или по улиците. Го прашувам министерот зошто досега не се спроведува Законот за акцизите и колкава е штетата на буџетот од неплатените акцизи за цигарите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На прашањето ќе Ви се одговори во писмена форма.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, драги пратеници, јас мислам дека подобро писмените прашања да ги поставиме до министрите директно отколку преку оваа говорница со оглед на тоа дека нема присуство ни од министри, исто така и од пратеници.

Првото прашање до министерот за стопанство. Врз основа на кои критериуми се распоредува од Фаре програмата мазутот и нафтата и дали распределбата ја врши исклучиво Министерството за стопанство

и како и од каде можат да се снабдат приватните земјоделци со вакква бенефицирана нафта со одложено плаќање?

Второ прашање до министерот за труд и социјална политика Дали има можност работните организации кои се во тешка материјална и финансиска состојба со исплата на платите каснат три до четири месеци, а со воведувањето на сините картони не можат нивните работници да ги користат, а се работи само во Битола за преку 10.000 работници. Дали има можност придонесот за здравствено осигурување да се плаќа посебно?

Трето прашање има во доста организации исто така во Битола, не значи дека и во Републиката не, каде исполнуваат некои услови за пензија, или сакаат да ги напуштат своите работни места со работен стаж преку 25 години со што би им се помогнало на организациите да се ослободат од извесен број на технолошки вишок, а на тие кои исто така исполнуваат услов за пензија, меѓутоа, како проблем е неплатениот придонес за пензиско и здравствено осигурување наназад да речеме за 6 и повеќе месеци дали може да се плати само пензиското осигурување, а од здравственото да бидат ослободени. Ова што се нуди преку Синдикатот со потпишување на договори тешко дека некој ќе може да го прифати од работните организации, а и секако дека Владата има увид преку фондовите дека многу тешко се потпишуваат такви договори.

Четврто прашање до министерот за сообраќај и врски. Жителите од Битола, Демир Хисар, Ресен, Прилеп, Крушево се животно заинтересирани дали патниот правец преку Бабуна ќе отпочне со активна изградба оваа година а посебно е интересот дали изградбата ќе отпочне од Прилеп кон Велес.

Уште едно прашање до истиот министер. Прашуваат камионџиите дали Македонија сообраќај може да се организира сите камионџии да не доаѓаат во Скопје по ТИР карнетли за секое патување надвор, туку регионално да се организираат и во другите поголеми центри како што е Битола, Штип, или други места каде Македонија сообраќај ќе процени.

Шесто прашање до министерот за урбанизам, градежништво и заштитеа на човековата околина. Ова прашање е од локален карактер, но морам на Собрание да го истакнам, се работи за водата за пиење која се користи во село Оптичари која вода од страна на санитарната инспекција веќе трет пат се забранува, а населението нема друг извор градскиот водовод е оддалечен само три километри, а населбата има над 1000 жители. И покрај тоа што веќе две години се прават напори, меѓутоа, проблемот не може да се разреши. Одговор се дава дека ќе се разреши кога ќе се обезбедат финансиски средства, а загаденоста на водата е во толкава мера каде што годишно од 10 до 15 луѓе умираат заради нечистата вода. Исто така имаме некаде 10 и повеќе кои што постојано се на дијализа. Проблемот е итен и од надлежното Министерство барам што поитно да може да се разреши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе се одговори во писмена форма.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Јас имам три прашања. Првото прашање, зошто аукцијата претпријатијата што увезуваат репроматеријали и трговците што увезуваат готови производи истовремено конкурираат. Дали може да има посебен контингент за репроматеријали а посебен за готови производи иако се во ист тарифен број. Не е логично цената на контингентот за

репроматеријали и цената на контингентот за готов производ да биде иста. Тоа е на штета на домашните производители.•

Второ прашање зошто Комисијата за аукциска распределба не работи во комплетен состав, туку се расправаат министерствата меѓу себе а страдаат претпријатијата кои конкурираат, кои прават трошкови да дојдат во Скопје поготово од околните градови.

И трето прашање дали важноста на контингентот е со денот на влегувањето на македонската граница или пак со денот на царинењето.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би поставил неколку прашања и тоа кога Владата мисли да донесе одлука за намалување на цените на дериватите со следното образложение. Кога се покачија цените на дериватите пред година две знаеме сите во каква гужва бевме и какви проблеми имавме со набавка на тие деривати, беше јасно образложението дека тоа се прави заради отежнатите услови на набавка и зголемените трошоци на набавка. Но со оглед на тоа дека во последно време имаме изразито смирување на овие услови и враќање на старите кои владееа пред непријатностите мислам дека е крајно време да се размисли на оваа проблематика и цените на дериватите да се намалат уште повеќе во Македонија имаме апсолутно најскапи цени на деривати, односно некаде долар по литар бензин.

Второ прашање малку беше загатнато пред малку јас би го дополнил во смисол на тоа што имаме доста случаи на неплаќање на здравствено и пензиско осигурување како и неплатени акцизи. Јас само би замолил и барам одговор од Владата каде и против кого е преземено нешто конкретно заради прекршување на овие законски обврски, дали

против некого е нешто преземено.

Сега на крајот би сакал уште две три прашања, или пот- прашања, но сите се во ист контекст односно кога Владата мисли да ми одговори на прашањето кое го поставив уште пред повеќе месеци односно што Владата преземала и мисли да презема по одредени пратенички прашања, односно пратенички иницијативи. За жал на тоа прашања с уште не добив одговор, а заинтересираноста на Владата која сега ја гледам тука не очекувам многу брзо таков одговор на тоа прашање. Во контекст на ова прашувам кога Владата ќе ми одговори на моето пратеничко прашање од мај месец 1995 година?

И на крајот прашувам кога Владата ќе ми одговори на прашањето кое го поставува уште пред четири месеци што се однесува на средствата кои Владата ги предвиди за катастрофата која го снајде југозападниот регион, односно земјотресот од 1 септември 1994 година. Само да потсетам со одлука на Владата беше предвидено за ова подрачје да се издвои еднодневна заработувачка. Одлуката е од 15 октомври 1994 година, еве го имам извадокот од записникот во кој стои јасно дека Владата предвидува издвојување на еднодневна заработувачка. Но, за жал во Службен весник од 8 декември 1994 година стои одлука со која се издвојуваат точно 100 милиони денари како компензација за трошоците кои се во земјотресот. Го поставив прашањето и сега пак само потсетувам на прашањето и прашувам кога ќе ми одговорат, што е со разликата меѓи 100 милиони денари и отприлика 137 милиони денари колку што имам сознанија дека отприлика до 140 милиони денари се движеше еднодневната заработувачка во Македонија, односно милион и четири стотини иљади марки кои се уште не се префрлени на користење на општините кои настрадаа во овој земјотрес. Јас само да потсетам дека веќе изминаа две зими за

оштетените од земјотресот и дека со овој однос на Владата веројатно ќе треба да поминат уште доста зими барем да го дочекаме и одговорот?

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Првото мое прашање е одредени се производните реони за производство на тутун во Република Македонија. Од досегашната пракса имавме одредени типови на тутун кои што беа во одредените реони и под реони. Меѓутоа моето сознание во последно време постојат и други типови, односно сорти на тутун кои што се промовирани во последниве денови и ценам дека истите треба да се најдат во производните реони. Покрај оние типови сорти кои се познати и признати новите типови на тутун веројатно ќе се најдат во некои производни реони за кои типови на тутун се работи и во кои производни реони. Прашањето може да биде и писмено. Образложението ми се чини дека е јасно.

Второ прашање е дека имаме производни реони поконкретно во прилепскиот дел на Пелагонија каде постојат неколку населени места кои можам да речам се познати и признати. Такви се Бучим, Бела Црква, Обршани. Воѓани итн. Самото име ќе ни каже за Бучим каде што се произведува познатиот бучимски кромид. Дали досега Министерството размислувало што со тоа производство што денеска го имаме помалку, или повеќе околу два милиони килограми. Времето веќе одминува,Црна секако има вода, ќе го стават во родите на Црна, или пак ќе се преземе нешто за да можеме и во идната година да имаме производство од оваа градинарска култура.

Трето прашање дали постои некоја институција, или организација која што се бави со контрола на пестицидите кои што се произведуваат

во нашата земја, или поточно оние кои што помалку, или повеќе со шверц се увезуваат од другите земји. Неконтролираниот увоз нормално им пречи на индивидуалните производители, потоа негативно се одразува на еколошката средина, а секако дека и оние стварни производители кои што произведуваат со посебна декларација не го добиваат она што треба да го добијат. Ми се чини дека минатите години во одредени периоди доаѓа до фитотоксичност на растенијата и секако дека одредени купопродажници се наоѓаат во неповолна положба. Ценам дека Министерството може да даде одговор на ова дали тоа е под некаква контрола, или не е.

И последното мое прашање со тутунот. Познато е дека оваа година очекувавме некаде 16,5 милиони килограми тутун за вредност од 1.105 милиони. Разликата помеѓу цената на тутунот која што изнесува 70 денари по првото и онаа што Владата ја има утврдено од 82 денари. Или прашањето гласи кога овие средства ќе дојдат до индивидуалните тутунопроизводители бидејќи откупот на тутунот од овогодишната реколта е веќе и онака кратко при крај.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Прво, новосоздадените сорти ако добро разбрав и соодветните типови кои што се сега признаени од страна на нашата сортна комисија дали тие ќе заземат соодветно место. Веднаш да спомнам дека секоја сорта, или секој вид кој што се признава заедно со решението истовремено во образложението точно се нагласува каква е таа сорта, кој вид е и во кој реон на Републиката треба да се шири. Ако го интересира пратеникот, можат да се земат решенијата и точно да се види каде и какви се тие сорти,какви се тие видови и во кои реони и со какви квалитетни својства располагаат соодветните сорти. Тоа е одговор

на првото прашање.

Второто прашаше е околу произведената количина на бучимскиот кромид. Дали Министерството мисли за тоа да презема соодветни мерки. Мислам дека кромидот како производ тој е берзанска стока, тој е изложен на пазарот, ја дели судбината на пазарот. Според тоа сите земјоделски култури кои што имаат тако® третман тие ќе ја делат судбината на пазарот и секој кој што произведува треба да си организира соодветен пласман,а ние како држава можеме да обезбедиме само соодветни мерки на олеснување каде ќе ослободиме одредени давачки и тн. се што е врзано за државата да си го направи, а својот дел производителот треба исто така да си го направи.

**ИВАН АНГЕЛОВ**: (продолжение)

Третото прашање беше дали постои контрола за увозот на пестицидите? Одговорот веднаш да ви го кажам, апсолутно постои, ниту еден таков производ не може да влезе во нашата држава, а да не се изврши контрола, а новите пестициди или хибрициди кои што се внесуваат, има одредена процедура, најпрвин се врши тестирање на сите особини на тој препарат, се добива соодветно мислење, одредени сертификати од наши научни институции, постои таква комисија во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во кои што членуваат наши еминентни стручњаци и врз база на добиените резултати од лабораториските испитувања се носат решенија. Тие решенија понатаму ги потпишува министерот и врз основа на таквите решенија се увезува соодветниот препарат.

Вистина е тоа дека минатата година имаше такви појави каде што некои наши земјоделски производители доживеаја несакани последици во однос на нивното третирање, тоа беа оние кои што сакаа да купат такви препарати од некакви шверцери и веројатно тоа така и настанало и тие го платија својот данок. Јас препорачувам на нашите производители да купуваат такви пестициди со соодветни епитети, во соодветни институции во соодветни аптеки регистрирани итн. Со нашиот закон точни имаме ние листа на регистрирани претпријатија или листа на продавачи, овластени ако се работи за странски препарати. Според тоа ова е апсолутно работа која што се држи во раце, а некој ако сака преку шверц да се обезбедува тоа е негов ризик и негов проблем.

Што се однесува до последното прашање, тоа е околу откупот на тутунот ние, морам да спомнам, имавме состанок заедно дури и со премиерот, премиерот е заинтересиран за тоа, ние како Влада сметаме дека тоа е сериозен проблем поради многу настанатите причини за тоа што дојде во ситуација да не може да се откупува тутунот и на тој

заеднички состанок ние поделивме одредени задачи, откупувачите си зедоа своја обврска, ние како Влада си земавме свои, и се договоривме за одредена динамика за донесување на крајните одлуки и се очекува може дури и овие денови, зависи од слободното време на премиерот или евентуално наредната недела и јавноста точно ќе биде обавестена што се случува и какви се заклучоците. И натаму Владата останува на своите обврски, она што е нејзина обврска да си ја изврши.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го ценам вашето трпение, меѓутоа сфатив дека ова е подготвено прашање уште во ноември месец. Според тоа, никако да дојдам на ред, еве и минатиот пат јас мислев дека сум на список, благодарение на потпретседателот, еве дојдов на ред.

Согласно законот за преструктуирање на претпријатијата кои работат со загуби, од Саса отидоа 190 работници кои на 10.XI.1995 година ја запоседна управната зграда барајќи од раководителите на Саса незадоволни до неисплатен паричен надомест по основ на невработеност за месеците 7,8,9 и 10. После бучни расправи и на крајот иако вжештена атмосфера и дискусии на висок тон, средбата заврши без инцидент,но со револт и недоверба и барање Владата да одговори на следните прашања:

1. Дали редовно се уплаќа придонесот за пензиско инвалидско и социјално осигурување за работниците кои заминаа по основ на технолошки вишок.

2. Дали за времето додека работниците се пријавуваат во Бирото за вработување тече пензискиот стаж, односно дали до остварување на правото за пензија треба да го исполнат условот од 63 години старост.

3. Зошто во некои општини исплатата на материјалниот паричен надомест се врши порано, а во други. подоцна, односно поедини

општини се привилегирани.

Слично е и ова прашање, досега како што реков се заминати 190 работници, во Саса изготвен е список уште за 48 работници и барањето е доставено до Владата во рокот кога важеше Законот за загубарите, т.е. во ноември месец. Прашањето гласи: Зошто Владата не ги подмири обврските согласно Законот за загубари? Барам писмена информција, и до кога Законот за загубари важи.

Прашањето до министерот за сообраќај. Можеби единствен случај во Републиката, чекална на која што патниците чекаат во правец на општините Штип,Пробиштип и Кочани, а нема ниту обичен покрив. Се работи за станицата на Крупиште и тоа кај споменикот на раскрсницата и најтешко им е на патниците т.е. учениците кои чекаат према Пробиштип и Крива Паланка, а се изложени на секакво невреме. За несреќа пак во околината нема никаков објект,па ни обично дрво, а тоа го кажувам од лично искуство затоа што јас мрзнев 4 години. Прашувам: во чија надлежност е поставуваше на автобуска постојка, дали на општината Кочани, дали на Општината Штип или Пробиштип или Мкаедонија - сообраќај или некоја друга институција?

Второ прашање, кога селото Дулица ќе биде приклучено со асфалтниот пат Каменица Македонска - Калиманци.

Трето прашање, можеби ова требаше да го постават луѓе од главниот град, меѓутоа мене лично ми смета, се работи на патот од Велес према Скопје, на влезот, точно нез нам како се вика улицата, дали е Југославија, двата знака се искршени, а тоа е уште од 1994 година кога не избраа, и сега кога ќе дојде патник, гостин, веднаш ќе види каква ни е состојбата и внатре во градот. Колку сме домаќини, а сигурно не се работи за финансиски средства. Прашањето е: во чија надлежност е измената на сообраќајниот знак?

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

На 26 декември 1995 година во "Службен весник" број 68 е објавена Одлука на Уставниот суд на Република Македонија со кој е укинат законот за избор на органи на управување во организации на здружен труд. Согласно тоа настанати се одредени последици со тоа што има правен вакум. Го користам присуството на министерот за култура и го поставувам следното прашање: Дали надлежното министерство планира од денес во рок од 2 месеци да го достави до Собранието Законот за култура? Одговорот да биде да или не.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Според наредбата, одговорот е да.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас поставив на последнава седница многу прашања, меѓутоа едно прашање го заборавив, па ќе ве молам простете ми што ќе го поставам денес.

Во стариот, во бившиот систем нашава држава издвојуваше значајни средства за компензира&е на лебот во нашава држава. Пред три години Одлуката за компензација на лебот е укината. Меѓутоа, имам сознание дека оваа одлука не важи за пекарската индустрија на Скопје. Значи скопските пекари и понатаму примаат компензација за лебот. Сметам дека ова е голема неправда н барам на наредната седница да се одговори на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има друг да постави прашање? (Не)

Ја заклучувам Триесет и шестата седница.

(Седницата заврши во 16,45 часот)